# Иницијативата Отворен Балкан

## АНАЛИЗА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ПОТРЕБИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ШЕСТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

Тим лидер: Марјан Николов

Албанија: Мерита Тоска

Босна и Херцеговина: Аднан Церимагиќ

Косово: Рамадан Иљази

Црна Гора: Институт за претприемништво и економски развој

Северна Македонија: Центар за економски анализи: Стефан Ристовски

Србија: Центар за напредни економски студии

# Содржина на презентацијата

- Околу проектот
- Задача 2 на проектот
- Резултатите од прашалникот

# Околу проектот

- Четири задачи:
  - **Задача 1 – Мапирање и скрининг на документи поврзани со Отворен Балкан**
  - **Задача 2 – Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан**
  - Задача 3 – Административен јаз за спроведување на договорите од Отворен Балкан
  - Задача 4 – Макроекономска анализа со проекции на неколку сценарија за развој на Отворен Балкан

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Во идеални услови на иницијативата Отворен Балкан-ОБИ би биле отстранети граничните контроли и другите бариери за да се олесни движењето на луѓе, стока и услуги, како и капитал низ регионот.
- Анализи на регионални диспаритети: регионите на Номенклатурата на територијалните единици за статистика  2 (НТЕС 2) и Номенклатурата на територијалните единици за статистика 3 (НТЕС 3), урбана наспроти рурална, главни градови наспроти други градови
- Ви можеле да понудат увид при поставување на приоритетите за позабрзан раст и интерна конвергенција на регионот „Отворен Балкан“ наспроти екстерната конвергенција кон ЕУ.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Интерна миграција кон урбаните центри.
- Концентрацијата на населението во земјите од ЗБ6 се забележува во општините со население до 30.000 (во 69 % од вкупното население од сите 491 општини).
- Во Албанија половина од населението живее во 7 града со население од повеќе од 100.000.
- Во Косово, слично на Албанија, половина од населението живее во 8 од 38-те општини.
- Во Црна Гора, 23 од 25 општини имаат население до 50.000 (половина од населението живее во 4 од 25-те општини). Во БиХ, половина од населението живее во 84 % од општините.
- Во Северна Македонија 17% од населението живее во општини до 15 илјади жители (повеќе од половина од општините)

- Регионалниот развој е организиран на ниво на НТЕС 3 за плански цели во Северна Македонија, Албанија и Косово (големи диспаритети). Во Србија, НТЕС 3 се користи за цели на административна деконцентрација, иако за развојни цели постојат четири региони (во последните 5 години, најмалку развиениот регион ги подобри своите резултати и ги надмина сличните на него). Постои јасен диспаритет меѓу де факто крајбрежниот регион наспроти северниот рурален регион во Црна Гора.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Четирите главни пристаништа во Албанија се наоѓаат во Драч, Шенѓин, Валона и Саранда, при што пристаништето во Драч е најголемо. Пристаништето во Валона е во инвестициска фаза на негова трансформација во луксузно пристаниште за туристички цели. Пристаништето Бар во Црна Гора е веќе поврзано со железница за превоз на патници и стока до/од Србија, а исто така се гради и автопатот кој треба да ја поврзе Србија со пристаништето Бар по земјен пат.

- Земјите од ЗБ се соочуваат демографски пад кој се движи од негативен природен прираст од минус 22 % во Србија до минус 1 % природен прираст во Албанија. Единствено во Косово се забележува позитивен природен пораст (+1 %). Северна Македонија и Србија организираа пописи во 2021 и 2022 година, соодветно. Другите земји сè уште не организирале пописи. Миграцијата (и внатрешната миграција и емиграцијата) имаат важна улога во оформувањето на демографскиот профил на Земјите од ЗБ6.

# Сличности и диспаритети на ниво на HTEC 2 и HTEC 3 на земјите од Западен Балкан

- Земјите од ЗБ6 не тргуваат многу меѓу себе мерено според тоа кои им се главните пет трговски партнери.
- Србија извезува во сите земји од ЗБ5.
- Албанија има висока концентрација на извоз кон Италија (45 %), а слична концентрација на извозот има и Северна Македонија кон Германија (47 %).
- Србија и Албанија не вклучуваат ниту една земја од ЗБ6 како нивни главни пет увозници.
- Меѓународната трговија на Србија изнесува половина од трговијата на земјите од ЗБ6, т.е. извозот и увозот во Србија се отприлика еднакви со збирот на извозот и увозот на другите пет земји од Западен Балкан.



# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан




- Ползечка конвергенција кон просекот на ЕУ земјите

- Транзицијата требаше да доведе до подготовка на овие земји за да стигнат до ефикасна пазарна економија која ќе почива на владеење на правото и со ефикасна контрола на корупцијата



# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- БДП на земјите од ЗБ6 по глава на жител според СКМ споредбено со ЕУ-27 порасна од 33 % на 38 % за 10 години.
- Со ова темпо, земјите од ЗБ6 би можеле да ја достигнат куповната моќ во ЕУ-27 за околу 70 години.
- Укажува дека овие земји од ЗБ6 се заглавени во транзиција и се во опасност од неможност да ги достигнат животните стандарди на понапредните пазарни економии






# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Зумирано помеѓу земјите на ЗБ6, состојбата е помалку драматична кога се гледа на регионалните нивоа (НТЕС 2 и НТЕС 3) наместо на нивото на земји од НТЕС 1.

- **Ова значи дека давањето приоритет на политики за меѓусебна соработка кои ги согледуваат сличностите на регионалните потенцијали во регионите на НТЕС 2 и НТЕС 3 пред конвергентноста со ЕУ на ниво НТЕС 1 би можело да биде поефикасен избор за креирање на можноста за еднаквост на искористување на потенцијалите на земјите од ЗБ6, односно фокусот би можел да се насочи кон политики на инклузивен економски раст кој е важен за да се обезбеди ширење на придобивките во сите региони на земјите од ЗБ6.**



# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Влијанијата од агломерацијата на областите на НТЕС 3 на главните градови од НТЕС 3 ги привлекуваат луѓето кон овие центри на раст на продуктивноста и повисоки заработки во земјите од ЗБ6.
- Скопскиот регион има 69 % повисок БДП по глава на жител од просекот на другите региони.
- Регионот на Тирана има 62 % повисок БДП по глава на жител од просекот на другите региони.
- Белградската област има 148 % повисок БДП по глава на жител од просекот на другите региони.
- Регионот на Приштина има БДП по глава на жител повеќе од двојно од просекот на другите региони.
- Кантонот Сараево има 59 % повисок БДП по глава на жител споредено со просекот за БиХ.






# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Постои потреба од поефикасни политики за поддршка на потенцијалите на секундарните региони на НТЕС 3.
- Земјите од ЗБ6 преку ОБИ да дадат приоритет кон меѓусебна соработка преку согледување на регионалните потенцијали и сличностите во регионите на НТЕС 2 и НТЕС 3 пред конвергентноста со ЕУ на ниво НТЕС 1
- Ова би можело да биде поефикасен избор за креирање на можноста за еднаквост на искористување на потенцијалите на земјите од ЗБ6, односно фокусот би можел да се насочи кон политики на инклузивен економски раст кој е важен за да се обезбеди ширење на придобивките во сите региони на земјите од ЗБ6.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Ова е важно за земјите од ЗБ6 бидејќи градовите се двигатели на раст и регионите на НТЕС 3 во кои се наоѓаат секундарните интерни градови може до значителен степен да го подобрат растот на земјите од ЗБ6.

- Давањето на можноста за еднаквост на потенцијалите низ регионите може да ја зголеми нивната конкурентност и на крајот да ја забрза конвергенцијата на земјите со просекот на ЕУ-27.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Но, предизвик е да се најдат вистинските политики.

- **Политиките би можеле повеќе да се фокусираат на идентификување на еднаквоста на потенцијалите низ регионите на НТЕС 3 и НТЕС 2 и нивно подобро искористување преку соработка.**

- Ако го земеме неокласичниот пристап на раст на економијата и дискутираме за прашањето од аспект на човечки капитал и физички капитал како функција од производството тогаш:

    - Начинот на кој се користи потенцијалот на човечкиот капитал во земјите од ЗБ6 би можел да се подобри.

    - Инвестирање во истражување и развој.

    - Патната и железничката транспортна инфраструктура мора да се подобрат во земјите од ЗБ6.









# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан




- Остриот пад на работоспособно население во комбинација со големиот удел на НЕЕТ, како и региони кои се соочуваат со значително заминување на млади лица, ги изложува земјите од ЗБ6 на ризик од тоа да се фатат во замката за развој на таленти (ЕУ, 2023).

- Стареењето и намалувањето на работоспособното население (видете ја, на пример, старосната пирамида за Северна Македонија), заедно со недостатокот на економска динамика и осиромашување, водат кон пад во обезбедувањето висококвалификувани и млади работници.

- Земјите од WB6 се нето увозници и не тргуваат меѓу себе доволно мерено според првите пет трговски партнери.



# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Излезот од замката не може веќе да се заснова на политиката на ниски плати едноставно затоа што платите се веќе на ниско ниво имајќи ја предвид, на пример, вжештената конкуренција за „трка кон дното“ во регионот за привлекување на СДИ со „најевтината работна сила во светската кампања“.

- Ова значи дека во трката за подобри плати и повисок квалитет на живот, земјите од ЗБ6 не можат повеќе да се натпреваруваат со посиромашните земји бидејќи просекот на плати веќе е низок. Не можат да се натпреваруваат ниту со побогатите од себе поради застарена инфраструктура и неискористеност на потенцијалите.

- За да се постигнат повисоки плати и подобрен квалитет на живот, земјите од ЗБ6 мора да се натпреваруваат со побогатите земји така што ќе инвестираат во висока технологија и вештини за да се постигнат повисоки плати.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Во однос на повисокиот економски раст, можни се следните начини за негово постигнување:
- Краткорочни до среднорочни политики засновани на зголемување на ефикасноста:
  - Структурни реформи преку градење човечки капитал и движење на работната сила кон попродуктивни сектори
  - Поголеми инвестиции во основен капитал и инфраструктура
- Долгорочни политики засновани на економија на знаење:
  - Зголемување (augmentation) на капитал и работна сила
  - Иновации во технологија
- Сите овие политики треба да бидат креирани, да се работи на нив доследно, да се координирани и спроведени паралелно една со друга.

# Сличности и диспаритети на ниво на НТЕС 2 и НТЕС 3 на земјите од Западен Балкан

- Види мапи!

# Резултати од прашалникот

- Потреба од идентификување на договор од Отворен Балкан за оценка на административниот јаз

- Види ексел!

Благодарам на внимание!